Предлог

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден .09.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член во**
**Комисија за селекција за избор на членови**
**во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес**

1. Со ова Решение, за член во Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, се именува:

_____, вработен/а во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес.

2. Ова Решение влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Согласно член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите“.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, донесе Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес со бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година со кое се именува-Зорица Миладиновска, член, вработена во Одделение за управување со човечки ресурси во Општина Велес.

Од причина што на Зорица Миладиновска и престана работниот однос во Општина Велес, потребно е да се именува нов заменик член на Комисија за селекција за избор на членови во управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, со цел непречено функционирање на Комисијата во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.